## Вежба 1.1 – Спарување на картички

| | |
|---|---|
| **Образовна цел** | Оваа вежба им овозможува на учениците меѓусебно да контактираат на незаканувачки начин. |
| **Белешка за употреба** | Наставниците можат да ја користат оваа вежба за да ги одредат потребите за учење и очекувањата од ученичката група. |
| **Ресурси** | Комплет картички кои прават парови. |

**Процедура**

1. Наставникот ги дели картичките по случаен избор и им вели на учениците да ја најдат нивната друга половина.
2. Кога ќе ја најдат другата половина (која е кај друг ученик), учениците посветуваат 5-10 минути за да ги разменат нивните основни лични информации:
   - нивното име
   - нивното семејство
   - каде живеат
   - нивното омилено животно, поп-група, фудбалски тим, боја итн.
3. Учениците се враќаат на пленарната сесија. Секој ученик може кратко да го претстави неговиот партнер на останатата група.[1]
4. Учениците седат во круг од столчиња. За да се предизвика повратна информација, наставникот ги охрабрува учениците да коментираат за тоа што било ново за нив или посебно интересно.

**Продолжение**

Оваа активност може да се продолжи со замолување на учениците(на пример во основното образование) чија омилена боја е црвената да седнат заедно, а така можат да се формираат мали групи за дискусија.

**Варијација**

Учениците истражуваат различни начини на презентирање на нивните информации, на пример преку мимика, со правење на постер како „реклама" за нивниот партнер или преку пишување стихови.

## Материјали

На комплет картички се пишува и црта предмет кој има пар на друга картичка.

Картичките треба да имаат и текст и слика, со што помладите ученици и тие со потешкотии во учењето би можеле целосно да учествуваат.

[1] Ова треба да се објасни кога се претставува вежбата, за учениците да можат да одлучат колку лични информации сакаат да кажат.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Роза – трн | Ден – ноќ | Нож – виљушка | Чевел – чорапа |
| Светло – темно | Сол – бибер | Пенкало – хартија | Маса – столче |
| Топло – ладно | Високо – ниско | Силно – слабо | Горе – долу |
| Вклучено – исклучено | Отворено – затворено | Големо – мало | Брзо – бавно |
| Чисто – валкано | Рапаво – мазно | Запри – оди | Старт – цел |
| Добро – лошо | Да – не | Пријател – непријател | Дебело – тенко |
| Сонце - месечина | Брат - сестра | Машко - женско | |